ВЕСТИ > МАКЕДОНИЈА

# ЗНМ ја поздравува одлуката на Судот да го одбие барањето за цензура на „Нечиста крв“

20.10.22 13:06

Прегледи: 111

Like Share Tweet

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) ја поздравува одлуката на Основниот граѓански суд Скопје за донесување решение со кое се одбива барањето за одредување привремена судска мерка со кое се бараше да се наложи на тужените од страна на Судот веднаш да ги отстранат објавените содржини со наслов „Нечиста крв“, односно објавите на документарниот видео запис со истоимениот наслов на МРТВ, YouTube каналот на ИРЛ и Facebook профилот на ИРЛ.

Како што информираат од ЗНМ, ова следи по поднесената тужба против Истражувачка Репортерска Лабораторија од страна на докторот Жан Митрев и приватната здравствена установа – Клиничка болница Жан Митрев Скопје.

> **До ИРЛ беше поднесена тужба за утврдување на граѓанска одговорност за клевета и надомест на нематеријална штета во вредност од 1.200.000 денари. ЗНМ во однос на ова реагираше во одбрана на правото на слобода на изразување и известување на јавноста, односно барањето да се избрише „Нечиста крв“ претставува апсурд и опасност. За овој обид за цензура ЗНМ ги извести своите меѓународни партнери Европската федерација на новинари (ЕФЈ) и Меѓународната федерација на новинари (МФН), стои во соопштението на ЗНМ.**

OhridNews